**27.12.2013**




**Претседателот Митревски ги информираше претставниците на медиумите за активностите на ССМ во 2013 година**

Денес во ССМ се одржа новогодишна средба на новинарите со претседателот на ССМ д-р Живко Митревски. На средбата претседателот ан ССМ ги сумираше активностите на

Синдикатот во 2013 година и информираше за целите во наредната година. Најважно е што во 2013 година, која беше мошне сложена година во однос на социјално – економската криза, успеавме да ги одбраниме трите најважни столба: не дозволивме масовни отпуштања, немаше намалување на платите и ја сочувавме старосната граница за пензионирање, истакна Митревски.

Во делот на работното законодавство, по заеднички изградените ставови на социјалните партнери од практичната примена на Законот за работни односи се донесоа измени и дополнувања. Тие се однесуваат на:

Спогодбените откази – Предвидено е работникот своерачно да ги напише потребните податоци во случај на спогодбен отказ, со што ќе се спречи можноста од злоупотреба за потпишување предвремени бланко изјави од страна на работникот за отказ на договорот за вработување;

Мандатната казна за непријавените работници – Доколку се затекнат непријавени работници, работодавачот ќе се казни со глоба, а доколку истите не ги пријави во рок од 8 дена објектот каде се извршуваат работните задачи ќе биде затворен. Доколку се затекнат три или повеќе непријавени работници тогаш објектот ќе биде затворен, без да се изрекуваат мандатни казни. Во тој период не смее да биде отпуштен од работа ниеден работник, треба да им се исплаќа 70 отсто од платата, како и придонеси од плата;


СОЈУЗ НА СИНД

[illegible]